**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Бр.**44-879/1**
Скопје, 10 февруари 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-879/1 од 10 февруари 2020 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
-**Генерален секретаријат на Владата-ИТ сектор**

ПРИЛОГ: 1

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ МОДЕРН ИНН Скопје** со седиште на ул. Фредерик Шопен бр. 10 Скопје ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ДУ МОДЕРН ИНН ДОО Скопје со седиште на ул. Фредерик Шопен бр. 10 Скопје поднесе барање бр. УП1 13-897 од 2.12.2019 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ МОДЕРН ИНН, Скопје, со седиште на ул. Фредерик Шопен бр. 10 Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-897 од 26.12.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди супериор пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр.44-879/1**
**10 февруари 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**